СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 18/24

Излегува по потреба 04.12.2024 година (среда) бр. 18 година XXVIII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

1. Се прогласува, Одлука за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-836/2
03.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-818/4
28. 11. 2024 год
Новаци

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М,,бр.61/2004,96/2004,67/2007,156/09,47/11,192/15,209/18,244/19,53/21,77/21, 150/21 и 173/22 год.), и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12,192/15,167/16,151,21), Советот на општина Новаци на 58-та седница,одржана на 28.11.2024 година, донесе:

О Д Л У К А

За пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2024година и тоа на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Буџет	Донации	Самоф.	Дотации	Кредити
V10 Детски градинки					
4041 10 **Надомест за годишен одмор**	**7.872,00**				
4[illegible]10 **Електична енергија**	**-7.872,00**				

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

smetka	programa	konto	iznos	RKB
930	V10	404110	7.872,00	62820
930	V10	421110	-7.872,00	62820

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“Битола на Општина Новаци

1. Се прогласува, Одлука за трајно отстапување на патничко возило во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола на Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-836/3
03.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за трајно отстапување на патничко возило во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола на Општина Новаци

Член 1

Со оваа Одлука, се одобрува трајно отстапување на патничко возило „FORD TRANZIT 100 SWB “, со регистарски таблички ВТ 0138 АС, година на производство 1996 г., во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола на Општина Новаци.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 818/ 5
28.11.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии за територијата на Општина Новаци за 2025 год

1. Се прогласува, Одлука за давање на согласност на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии за територијата на Општина Новаци за 2025 год, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2024г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-836/4
03.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за давање на согласност на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии за територијата на Општина Новаци за 2025 год.

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии за територијата на Општина Новаци за 2025 година, бр. 0102-105/2 од 15.11.2024 год. (арх. бр. 15-64/43 од 21.11.2024 год.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 818/ 6
28.11.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Елаборат-Извештај за проценета штета од пожар во Општина Новаци во период од 09.08 до 13.08.2024 година

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Елаборат - Извештај за проценета штета од пожар во Општина Новаци во период од 09.08 до 13.08.2024 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-836/5
03.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.11.2024 година донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Елаборат - Извештај за проценета штета од пожар во Општина Новаци во период од 09.08 до 13.08.2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Елаборат - Извештај за проценета штета од пожар во Општина Новаци во период од 09.08 до 13.08.2024 година, доставен од Комисијата за процена на штети од елементарни и други непогоди за причината штета од пожар бр. 14-588/21 од 21.11.2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 818/ 7
28.11.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одбивање на Барање за превземање на трошоците за електрична енергија од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци

1. Се прогласува, Одлука за одбивање на Барање за превземање на трошоците за електрична енергија од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-836/6
03.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.11.2024 година донесе:

ОДЛУКА
за одбивање на Барање за превземање на трошоците за електрична енергија од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одбива Барањето што ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци
го достави до Општина Новаци, за превземање на трошоците за електрична енергија од пумпните станици за вода во селата Бач, Брод и Живојно.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 818/ 8
28.11.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на користрење на градежна механизација на МЗ Гнеотино

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на користрење на градежна механизација на МЗ Гнеотино, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-836/7
03.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на користрење на градежна механизација на МЗ Гнеотино

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува користење на градежна механизација на МЗ Гнеотино, за копање на канал за подземна електрична инсталација, за потребите на манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ во правец од трансформаторот во с. Гнеотино до брегот на Црна Река.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 818/ 9
28.11.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за интонирање на Националната химната во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта.

1. Се прогласува, Одлука за интонирање на Националната химната во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 28.11.2024 година.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-836/8
03.12.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.11.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
за интонирање на Националната химната во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта

Член 1

Со оваа Одлука се задолжува ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци и подрачните училишта да ја интонираат Националната химна, секој понеделник, на почетокот на наставата.

Член 2

ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци и подрачните училишта се должни задолжително да обезбедат соодветни услови за достоинствено интонирање на Националната химна од страна на сите ученици, вработените и други присутни.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 818/ 10
28.11.2024г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.;
2. Заклучок за прогласување на Одлука за трајно отстапување на патничко возило во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола на Општина Новаци;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии за територијата на Општина Новаци за 2025 год.;
4. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Елаборат - Извештај за проценета штета од пожар во Општина Новаци во период од 09.08 до 13.08.2024 година;
5. Заклучок за прогласување на Одлука за одбивање на Барање за превземање на трошоците за електрична енергија од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци;
6. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на користрење на градежна механизација на МЗ Гнеотино;
7. Заклучок за прогласување на Одлука за интонирање на Националната химната во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци

тел. 047 203 060 **Народна банка на РСМ**
Буџет на Општина Новаци **Д.Б. 4002004169848**
Сметка 749014004563010 **Приходна Шифра**